Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-120/2
08.07 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по предметот бр. 0801-120 од 11.06.2021 година, поднесен од страна на [redacted] од Прилеп, против Емилија Шопар, судија на Основен граѓански суд Скопје и Земиле Кодра, Државен правобранител за подрачје Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ бр.258 од 30.10.2020 година) го донесе следниов

**ЗАКЛУЧОК ЗА НЕПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНА ПРЕТСТАВКА**

од страна на [redacted] Прилеп.

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 11.06.2021 година беше поднесена **Претставка за дискриминација по било која дискриминаторска основа**, заведена под број. 0801-120 во која подносителката бара Комисијата **да ја земе во работа оваа претставка и официјално со писмен поднесок да се појави како Замешувач на страна на тужителот, во постапката што тече пред Основен граѓански суд Скопје, 11 П4-11/20, за заштита на правото на еднаквост и недискриминација**.

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник бр. 258/ 30.10.2020 година) членот 27 член 5 од ЗСЗД, гласи: „*Комисијата носи* ***заклучок за непостапување*** *или за запирање на постапката по претставката* ***во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена*** *и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

Од сето ова произлегува дека заради веќе покренатата постапка за заштита од дискриминација пред Основниот граѓански суд Скопје, ЗСЗД по автоматизам нè обврзува како Комисија за спречување и заштита од дискриминација да донесеме **ЗАКЛУЧОК ЗА НЕПОСТАПУВАЊЕ** по претставката заведена под бр.0801-120 од 11.06.2021 година.

Во врска со барањето Комисијата да се појави како замешувач во судската постапка што подносителката ја повела со тужбата 11 П4-11/20 од 30.12.2019 година пред Основниот граѓански суд Скопје, КСЗД на подносителката ѝ укажува дека за тоа мора пред КСЗД да поднесе **Барање за вмешување во судска постапка за спречување и заштита од дискриминација**, проследено со

севкупна документација за Комисијата да може да донесе мериторна и кредибилна Одлука дали ќе се вмеша во судската постапка или не, во согласност со законските одредби.

Скопје
08.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска